АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0202-1051/3
07.11. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвен крст на Република Македонија, Раководниот одбор на Црвениот крст на Република Македонија на својата седница одржана на 07.11 2018 година

# П Р А В И Л Н И К

## за доделување признанија на Црвениот крст на Република Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот и постапката за доделување признанија на поединци, истакнати активисти и организации, и видови и изглед на признанијата на сите организациони нивоа на Црвениот крст на Република Македонија(во натамошен текст – Црвен крст на РМ).

Член 2

Признанијата на Црвениот крст на РМ се доделуваат на физички и правни лица, организации, здруженија и стопански организации за учество, заслуги, придонес и исклучителен придонес и активности кои заслужуваат општо признание во истакнување и подршка на идеата, работата и активностите на Организацијата на Црвениот крст на РМ.

Признанијата можат да се доделат и на странски физички и правни лица, меѓународни организации, асоцијации и компании.

Член 3

Признанијата можат да се доделат и постхумно.

Признанијата што се доделуваат постхумно се предаваат на членовите на потесното семејство.

## II. ВИДОВИ НА ПРИЗНАНИЈА

Член 4

Видови на признанија на Црвениот крст на Република Македонија се:

- Редовни признанија;
- Јубилејни признанија и

- Почесни звања.

Член 5

Редовни признанија се:

I.

1. Благодарница
2. Бронзен знак на Црвен крст на РМ,
3. Сребрен знак на Црвен крст на РМ,
4. Златен знак на Црвен крст на РМ,
5. Признание Анри Динан,
6. Медал на Црвен крст на РМ.

II.

1. Крводарителска значка,
2. Крводарителска плакета,
3. Признание за исполнет план за крводарителство

III.

1.Бронзен подржувач,
2.Сребрен подржувач.
3.Златен подржувач,
4.Платинест подржувач.

Член 6

Јубилејни признанија се

1.Знак;
2.Плакета.

Член 7

Почесни звања се:

1.Почесен член на Црвениот крст на РМ;
2.Почесен претседател на Црвениот крст на РМ.

Член 8

Признанието Благодарница се доделува на:

-физички и правни лица, организации, здруженија и странски лица кои имаат долгогодишно учество во работата на Црвниот крст на РМ и придонес во остварувањето на целите и задачите на Црвениот крст на РМ.

Член 9

Признанието Бронзен знак се доделува на:

- поединци и правни лица од Република Македонија кои имаат заслуги во остварувањето на целите и задачите на Црвениот крст на Република Македонија,

- поединци и правни лица од Република Македонија кои имаат заслуги за развивање на партнерски односи меѓу Црвениот крст на Република Македонија и други меѓународни здруженија, организации или асоцијации,

- организации, здруженија и поединци од Република Македонија,кои со своето работење и дејствување имаат постигнато резултати од значењето за афирмирање на Црвениот крст на Република Македонија на домашен и меѓународен план,

- истакнати поединци и организации од странство кои со своето работење и дејствување имаат постигнато резултати во афирмирањето, развивањето и зацврстувањето на угледот и позицијата на Црвениот крст на Република Македонија на меѓународен план.

Член 10

Признанието Сребрен знак се доделува на:

- истакнати личности и правни лица од Република Македонија кои имаат особени заслуги во остварувањето на целите и задачите на Црвениот крст на Република Македонија,

- поединци и правни лица од Република Македонија кои имаат особени заслуги за развивање на партнерски односи меѓу Црвениот крст на Република Македонија и други меѓународни здруженија, организации или асоцијации,

- организации, здруженија и поединци од Република Македонија кои со своето работење и дејствување имаат постигнато особени резултати од значењето за афирмирање на Црвениот крст на Република Македонија на домашен и меѓународен план,

- истакнати странски поединци и организации кои со своето работење и дејствување имаат постигнато особени резултати во афирмирањето, развивањето и зацврстувањето на угледот и позицијата на Црвениот крст на Република Македонија на меѓународен план.

Член 11

Признанието Златен знак се доделува на:

- поединци и правни лица од Република Македонија кои имаат значајни заслуги во остварувањето на целите и задачите на Црвениот крст на Република Македонија,

- поединци и правни лица од Република Македонија кои имаат значајни заслуги за развивање на партнерски односи меѓу Црвениот крст на Република Македонија и други меѓународни здруженија, организаии или асоцијации,

- организаци, здруженија и поединци од Република Македонија кои со своето работење и дејствување имаат постигнато значајни резултати од значењето за афирмирање на Црвениот крст на Република Македонија на домашен и меѓународен план,

- истакнати странски поединци и организации кои со своето работење и дејствување имаат постигнато значајни резултати во афирмирањето, развивањето и зацврстувањето на угледот и позицијата на Црвениот крст на Република Македонија на меѓународен план.

Член 12

Признание Анри Динан се доделува на:

-на поединец со долгогодишна хуманитарна работа и волонтерска активност во Црвениот крст на РМ кое пројавува голема посветеност за реализација и промовирање на идеите на Црвениот крст;

-на поединец кој учествува во хуманитарни акции за зближување на луѓе во кризни состојби и активно учествува во ублажување на последици при природни непогоди и катастрофи, и придонесува во надминување на потешкотиите на ранливото население

Член 13

Признанието Анри Динан се доделува и врачува по повод 5-ти Декември – Светскиот ден на волонтерството и 8 –ми Мај - Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Член 14

Медал на Црвен крст на РМ се доделува на:

- поединци и правни лица од Република Македонија кои имаат исклучителни заслуги во остварувањето на целите и задачите на Црвениот крст на Република Македонија,

- поединци и правни лица од Република Македонија кои имаат исклучителни заслуги за развивање на партнерски односи меѓу Црвениот крст на Република Македонија и други меѓународни органи, организаии или асоцијации.

- поединци, владини и невладини организации, агенции и здруженија, од

Република Македонија кои со своето работење и дејствување имаат постигнато исклучителни резултати од значење за афирмирање на Црвениот крст на Република Македонија на домашен и меѓународен план.

-поединци и организации од странство кои со своето работење и дејствување имаат постигнато исклучителни резултати во афирмирањето, развивањето и зацврстувањето на угледот и позицијата на Црвениот крст на Република Македонија на меѓународен план.

Член 15

Признанието Крводарителска значка се доделува на:

-доброволни дарители на крв за 5-то дарување на крв,
- доброволни дарители на крв за 10-то дарување на крв и
- доброволни дарители на крв за 25-то дарување на крв.

Член 16

Признанието Крводарителска плакета се доделува на:

- доброволни дарители на крв за 50-то дарување,
- доброволни дарители на крв за 75-то дарување и
- доброволни дарители на крв за 100-то дарување.

Член 17

Признание за исполнет план за крводарителство се доделува на општински организации на Црвен крст кои го исполниле или надминале годишниот план за крводарителство.

Член 18

Признанијата од член 5 категорија III. точка 1, 2, 3 и 4 се доделуваат на компании или организации кои соработуваат со Црвениот крст на РМ и

обезбедиле донација или соодветна финансиска и друга поддршка на проекти и програмски активности за различни целни групи население во заедниците.

**Бронзен поддржувач** се доделува на:

- компанија или организација која обезбедила донација  или поддршка на проекти и програмски активности на Црвениот крст во висина од 10.000 евра во денарска противвредност,

**Сребрен поддржувач** се доделува на:

- компанија или организација која обезбедила донација или поддршка на проекти и програмски активности на Црвениот крст во висина од 20.000 евра во денарска противвредност,

**Златен поддржувач** се доделува на:

- компанија или организација која обезбедила донација или поддршка на проекти и програмски активности на Црвениот крст во  висина  од 30.000 евра во денарска противвредност.

**Платинест поддржувач** се доделува на:

- за компанија која обезбедила донација или поддршка на проекти и програмски активности на Црвениот крст во висина од 100.000 евра во денарска противвредност.

Член 19

Јубилејните признанија од член 6   се доделуваат на посебни пригоди кога Црвениот крст на Република Македонија одбележува значајни јубилеи.

Член 20

Јубилеен Знак се доделува на:

-поединци кои имаат долгогодишно волонтирање, членство или придонес во Црвениот крст на РМ.

Член 21

Јубилејна Плакета се доделува на:

-национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина или нивни претставници со кои Црвениот крст на РМ има долгогодишна соработка.

Член 22

Почесното звање – Почесен член на Црвениот крст на РМ се доделува на:

-поединец препознатлив во јавноста во Република Македонија *или во* странство, кој со своето дело, особено со своите заслуги, има постигнато исклучителни резултати во афирмирањето, развивањето и зацврстувањето на угледот и позицијата на Црвениот крст на Република Македонија на домашен и меѓународен план.

Член 23

Почесното звање – Почесен претседател на Црвениот крст на Република Македонија се доделува на:

-Претседател на Црвениот крст на РМ, кој со своето дело, особено со своите заслуги во периодот кога ја извршувал функцијата - Претседател, постигнал исклучителни резултати во афирмирањето, развивањето и зацврстувањето на угледот и позицијата на Црвениот крст на Република Македонија на домашен и меѓународен план.

## III. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ И ВРАЧУВАЊЕ ПРИЗНАНИЈА

Член 24

Постапка за доделување признанија може да иницираат:
- Претседател на Црвен крст на Република Македонија;
- Потпретседатели на Црвен крст на Република Македонија;
- Собрание на Црвен крст на Република Македонија;
- Раководен одбор на Црвен крст на Република Македонија;
- Генерален секретар на Црвен крст на Република Македонија
- Секретари и Општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје;
- Членови и волонтери на Црвениот крст на РМ,
- Вработени во стручната служба на Црвениот крст на РМ.

Член 25

Иницијативите се доставуваат до Комисијата за признанија на Црвениот крст на Република Македонија.

Иницијативата треба да ги содржи податоци заради постапување по истата, а особено: име и презиме и адреса на кандидатот или назив на правното лице за добивање на признание, име на предлагачот како и

образложение со факти и докази за особените заслуги кои се постигнати, а кои ја поткрепуваат иницијативата.

Член 26

Комисијата за признанија на Црвениот крст на РМ доставува предлог за доделување на признание до Раководниот одбор на Црвен крст на РМ.

Одлуката за доделување на признание ја донесува Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ.

Член 27

Признанијата ги врачуваат: Претседателот на Црвен крст на РМ, Црвен крст на град Скопје и на Општински организации на Црвен крст, Потпретседателот, Генералниот секретар/секретар, при одбележување на значајни настани за организацијата на Црвениот крст, посебни настани, како и при официјални посети на претставници на други национални друштва на Црвениот крст и Црвената полиумесечина.

Член 28

На примателите на признанија им се доделува писмен документ за доделеното признание.

За доделените признанија се води евиденција на податоци за добитниците и видовите на признанија во посебни книги на Црвениот крст на Република Македонија.

Член 29

На примателите на конкретен вид на признание не може повторно да им се додели ист вид на признание.

## IV. ИЗГЛЕД НА ПРИЗНАНИЈАТА

Член 30

Признанијата на Црвениот крст на Република Македонија се со следниот изглед и карактеристики.

**Благодарница**

Благодарницата е изработена од тонирана пергамент хартија со димензии 210мм на 297 мм. Благодарницата се доделува во соодветна рамка со пропишани димензии и боја.

**Бронзен знак на Црвен крст на РМ**

Има основа на кружна форма со димензии од 60 мм.Во кругот е стилизирана апликација на Црвениот крст. Бронзениот знак е изработен од соодветен метал, бронзен, тониран топол емајл. Знакот се доделува во соодветна кутија, во црвена/темно сина боја, која димензионално одговара на димензиите на знакот.

**Сребрен знак на Црвен крст на РМ**

Има основа на кружна форма со димензии од 60 мм. Во кругот е стилизирана апликација на Црвениот крст. Сребрениот знак е изработен од соодветен метал, посребрен, тониран топол емајл. Знакот се доделува во соодветна кутија, во црвена/темно сина боја, која димензионално одговара на димензиите на знакот.

**Златен знак на Црвен крст на РМ**

Има основа на кружна форма со димензии од 60 мм. Во кругот е стилизирана апликација на Црвениот крст. Златниот знак е изработен од соодветен метал, позлатен, тониран топол емајл. Знакот се доделува во соодветна кутија, во црвена/ темно сина боја, која димензионално одговара на димензиите на знакот.

**Признание Анри Динан**

Има основа на кружна форма со дијаметар од 80 мм. Во кругот е изгравиран ликот на Анри Динан. Поставен на метален/дрвен/стаклен/мермерен постамент на кој во долниот дел е знакот на Црвен крст и називот Црвен крст на Република Македонија.

**Медал на Црвен крст на РМ**

Има основа на кружна форма со димензии од 60 мм. Во кругот е

стилизирана апликација на црвениот крст. Медалот е изработен од соодветен метал со позлата, тониран топол емајл. Има соодветна лента. Редниот број на медалот е втиснат на задниот дел од медалот. Има соодветна лента. На лентата има метална плочка-апликација изработена од соодветен метал со позлата, на која е изгравирано името на носителот на медалот. На долниот дел од кругот на медалот е напишано *Црвен крст на Република Македонија*. Редниот број на медалот е втиснат на задниот дел од медалот.

Медалот се доделува во соодветна кутија, во црвена/ темно сина боја, која димензионално одговара на димензиите на медалот.

**Крводарителска значка**

Крводарителските значки се леени, позлатени и обоени со епоксидни смоли, со димензии 15x23мм и во зависност од бројот на дарување на крв со број 5 за петто дарување на крв, со број 10 за 10-то дарување на крв и број 25 за 25-то дарување на крв.

**Крводарителска плакета**

Плакетите се леени и обоени со епоксидни смоли со дијаметар од 65мм, фиксирани на постоње со димензии 80x22x70 мм на кое има аплицирано плочка со димензии 60x14 мм и во зависност од бројот на дарување на крв се доделуваат:

- Плакета за 50-то дарување на крв која е со патиниран месинг, бронза,
- Плакета за 75-то дарување на крв која е пониклована, и
- Плакета за 100-то дарување на крв која е позлатена.
-

**Бронзен поддржувач**

- Има основа на правоаголна форма со димензии 140 x 190 мм. Има стилизирана апликација на црвен крст во горниот дел, во долниот дел има лого за бронзен поддржувач . Признанието е изработено од соодветен метал со бронзена боја, тониран топол емајл. Признанието се доделува во соодветна рамка, со стакло на предната страна, во соодветна кутија која димензионално одговара на димензиите на признанието.

**Сребрен поддржувач**

Има основа на правоаголна форма со димензии 140 x 190 мм. Има стилизирана апликација на црвен крст во горниот дел, во долниот дел има лого за сребрен поддржувач . Признанието е изработено од соодветен метал посребрено, тониран топол емајл. Признанието се доделува во соодветна рамка, со стакло на предната страна, во соодветна кутија која димензионално одговара на димензиите на признанието.

**Златен поддржувач**

Има основа на правоаголна форма со димензии 140 x 190 мм. Има стилизирана апликација на црвениот крст во горниот дел, во долниот дел има лого за златен поддржувач. Признанието е изработено од соодветен метал позлатено, тониран топол емајл. Признанието се доделува во соодветна рамка, со стакло на предната страна, во соодветна кутија кои димензионално одговараат на димензиите на признанието.

**Платинест поддржувач**

Има основа на правоаголна форма со димензии 140 х 190 мм. Има стилизирана апликација на црвен крст во горниот дел, во долниот дел има лого за платинест поддржувач. Признанието е изработено од соодветен метал тониран топол емајл. Признанието се доделува во соодветна рамка, со стакло на предната страна, во соодветна кутија која димензионално одговара на димензиите на признанието.

**Јубилеен знак**

Има основа на кружна форма со димензии од 40 мм. Во кругот е стилизирана апликација на Црвениот крст. Знакот е изработен од соодветен метал,тониран топол емајл. Знакот се доделува во соодветна кутија, во црвена/ темно сина боја, која димензионално одговара на димензиите на знакот.

**Јубилејна плакета**

Има основа на правоаголна форма со димензии од 80мм на 130мм. Во кругот со димензии од 20 мм е стилизирана апликација на Црвениот крст. Плакетата е изработена од соодветен метал, посребрена тониран топол емајл. Плакетата се доделува во соодветна кутија, во црвена/ темно сина боја, која димензионално одговара на димензиите на плакетата.

**Почесен член на Црвениот крст на РМ**

Признанието е изработено од тонирана пергамент хартија со димензии 297мм на 420мм. Уверението се доделува урамено во соодветна рамка.

**Почесен претседател на Црвениот крст на РМ**

Признанието е изработено од тонирана пергамент хартија со димензии 297мм на 420мм. Уверението се доделува во соодветна кутија со урамено во соодветна рамка.

## V. ПРИЗНАНИЈА КОИ ГИ ДОДЕЛУВА ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ И ОПШТИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЦРВЕН КРСТ

Член 31

Општинските организации и Црвениот крст на град Скопје постапуваат во согласност со одредбите на овој Правилник.

Член 32

Општинските организации и Црвениот крст на град Скопје можат да доделуваат: благодарница, јубилејни признанија – Знак и Плакета и Почесни звања – Почесен член и почесен претседател.

Одлуката за доделување на признание ја донесува Раководниот одбор на Општинската организација/Црвениот крст на град Скопје на предлог на Комисијата за признанија во Општинската организација/Црвениот крст на град Скопје.

Член 33

Општинските организации и Црвениот крст на град Скопје на поединци, правни лица, владини и невладини организации, здруженија и странски лица и организации, кои имаат заслуги во остварувањето на целите и задачите на организацијата, им доделуваат благодарница.

Благодарницата на предлог на работните тела, членови, волонтери на Црвениот крст и вработените во стручната служба, ја доделува Претседателот или секретарот на Општинската организација *на* Црвениот крст и Црвениот крст на град Скопје.

Член 34

Општинските организации и Црвениот крст на град Скопје јубилејните признанија ги доделуваат кога Општинските организации и Црвениот крст на град Скопје одбележуваат значајни јубилеји.

Доделените признанија, по правило се врачуваат при одбележување на значајни настани како и при официјални посети на претставници од други организации на Црвениот крст и Црвената полумесечина, со кои имаат остварено соработка.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 35

Финансиските средства за признанијата што се доделуваат, ги обезбедува организацијата која ги доделува признанијата.

Финансиските средства за признанијата што се доделуваат за крводарителство се обезбедени од Програмата за организирање и унапредување на крводарителството, која секоја година ја донесува Владата на Република Македонија.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Измени и дополненија на овој правилник се вршат на начин и во постапка како и за негово донесување.

Член 37

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за доделување на признанија на Црвениот крст на Република Македонија 02-51/7 од 09.02.2010 година), Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на признанија на Црвениот крст на Република Македонија (бр. 02-186 од 09.03.2010 година), Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на признанија на Црвениот крст на Република Македонија (бр. 02-749/3 од 07.10.2013 година) и Одлуката за дополнување на Правилникот за доделување на признанија на Црвениот крст на Република Македонија( бр. 02-1075/4 од 02.12.2015 година).

Член 38

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател,

проф.д-р Ромел Велев